Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 08-12953/3

17.12.2014 година

Аминта трети бр. 2,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2015 година изнесува 400,00 (четиристотини) денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 17.12.2014 година доставен е допис со архивски број 03-224 од 17.12.2014 година во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2015 година која ја издава Македонската риболовна федерација..

Во доставениот допис е наведено дека предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби и дека истиот е наменет за реализација на активностите предвидени во согласно доставената програма.

Согласно горе наведеното се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2015 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

МИНИСТЕР

м-р Михаил Цветков

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани